Побара ј помош во Женски центар за поддршка -Скоп је:

075/255-154

pravnapomos@glasprotivnasilstvo.org.mk

или пиши на Facebook:
Женски центар за поддршка - Скоп је

The Balkan Trust for Democracy

A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

Norway

ЖЕНСКИ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

## ИМАШ ПРАВО ДА ПРИЈАВИШ СЕКАКОВ ВИД НА НАСИЛСТВО ДО СЛЕДНИВЕ ИНСТИТУЦИИ:

ПОЛИЦИСКИ СТАНИЦИ

ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

ОСНОВЕН, КРИВИЧЕН И ГРАЃАНСКИ СУД

СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ ВО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

# ЖЕНАТА ИМА ПРАВО НА ПОМОШ, ПОДДРШКА И ЗАШТИТА ОД СЕКАКОВ ВИД НА НАСИЛСТВО!

## Од нашата правна советничка ќе добиеш:

Информации за заштитата која може да ја побараат од надлежните институции и граѓански организации (Центрите за социјална работа, полициски станици, здравствени установи, подрачните канцеларии на Министерството за правда и специјализирани услуги раководени од граѓанските организации).

- Придружба до институции кои што имаат надлежност да обезбедуваат заштита и поддршка и други специјализирани услуги раководени од граѓански организации кои обезбедуваат поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство.
- Советување за правата и законските постапки кои може да се покренат за надминување и спречување на родово базирани и семејното насилство (бракоразводна постапка, постапка за доверување на деца на чување и воспитание, одредување на висина на издршка, имотно правни прашања итн.).
- Советување за достапните мерки за заштита со цел давање навремена и ефикасна помош и поддршка, како и следење на нивното спроведување.
- Информации за привремените мерки за заштита и нивно спроведување.
- Информации за кривично правната заштита (гонење и казнување на сторители на семејно насилство според Кривичен Законик).
- Помош во поднесувањето на претставки за постапување/непостапување на надлежните институции до релевантниот орган.



## Низ процесот на правна помош можеш да очекуваш дека:

- ќе бидеш третирана со почит
- ќе бидеш ислушана и разбрана
- ќе бидеш информирана за доверливоста на услугата
- твоите културни уверувања и практики ќе бидат почитувани
- твојата (и на децата) безбедност ќе биде најважно прашање
- ќе добиеш информации и објаснување за неприфатливост на сите форми на насилство врз жените
- ќе бидеш упатена до или ќе добиеш информации за други услуги кои се достапни и може да ти бидат од корист и едноставно со твоја согласност, ќе се остварува директна соработка со други професионалци со кои ти имаш контакт

## Доколку твојата правна советничка

- Те соочува со сторителот и се поставува во улога на медијатор меѓу тебе и него, и/или сугерира брачно или заедничко советување;
- Ти препишува вината за насилството, прашува зошто те удира или повредува или што може ти да направиш за да го избегнеш насилството;
- Не го препознава или го потценува влијанието на емоционалната злоупотреба и контролирачкото однесување на сторителот;
- Не обрнува внимание на прашањата поврзани со твојата безбедност или не ти дава информации и/или не соработува со други достапни услуги и надлежни институции;
- Ти врши директен или индиректен притисок кон постигнување на одредени цели или преземање одредени дејствија и активности за кои таа смета дека се соодветни;

<u>Можеш да го прекинеш процесот на правна помош и поддршка и имаш право да побараш друга правна советничка!</u>

